# ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Во јули и август 2007 година Република Македонија се соочи со обемни шумски пожари кои рапидно се ширеа и кои нанесоа сериозна штета на шумите и другата вегетација.

Целта на ревизијата е да се оценат причините за: зголемениот број на пожари, опфатената територија, причинетите штети, користени човечки ресурси, опрема и финансиски средства за активностите кои надлежните институции во земјата ги преземаат со цел справување и намалување на опасностите од пожари, активности за подобрување на подготвеноста на надлежните институции да одговорат на потребите за заштита на добрата, територијата и граѓаните од настанување на пожари.

Со ревизија опфатени се повеќе ризици кои се определени кај следните области:

- Покриеност со законска и подзаконска регулатива од областа за заштита од пожари во РМ и нејзино практично имплементирање;
- Активности преземени од надлежните институции со цел заштита од пожари на добрата, територијата и граѓаните во РМ;
- Координација на активностите за заштита од пожари кај надлежните институции во РМ;
- Подготвеност на институциите да се справат и намалат опасностите од пожари во смисла на нивна организациона и кадровска подготвеност, поделба на надлежности, територијална надлежност, опременост, финансирање од домашни и странски извори на средства, предвидувања/прогнози и проценки на реалните опасности од пожари, функционирање на системите за известување и интервенции.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за достатноста/доволноста, покриеноста и примената на законската и подзаконската регулатива во областа, координацијата и управувањето со пожарите на територија на Република Македонија, стратешко планирање, имплементација и реални резултати, свесноста за ризиците во областа кај надлежните институции, алатки со кои се градат соодветни политики кај институциите кои се надлежни да ги исполнат поставените цели, дали преземените обврски се во функција на исполнување на целите, дали во државата е воспоставена рамка на управување со која ефикасно и ефективно ќе се управуваат средствата наменети за заштита од пожари, дали овие средства се доволни и придонесуваат кон остварување на целите за заштита од пожари и други отворени прашања кои ги имавме во текот на ревизијата, а за кои се искажани состојбите во поглавјата Основни податоци и Ревизорски наоди. Периодот за кој се врши ревизијата на успешност како и други прашања поврзани со вршење на ревизијата на успешност за посочената област се дефинирани за 2007/2008 година со одредени области и прашања кои го покриваат и периодот до Септември 2009 година. Ревизијата на успешност која ја спроведе ревизорска екипа од Државниот завод за ревизија е извршена активност, планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2009 година.

Ревизијата на успешност е спроведена од страна на ревизорска екипа од ДЗР.

Ревизијата е извршена во периодот од 17.06 - 24.07.2009 година и 25.08.2009 - 12.03.2010 година.

Ревизијата на успешност е вршена во функција на надлежните институции со цел објективно презентирање на состојбите кај активностите преземени од страна на сите релевантни институции за заштита од пожари како и други аспекти од нивното работење. Со оваа ревизија на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија, а која претставува глобална и потенцијална грижа

на голем број држави, како на институциите надлежни за справување со проблемот на се пошироките и зачестени пожари на национално и глобално ниво и така и на нивните ефекти. Избраната цел на ревизијата – заштита од пожари во Република Македонија претставува предмет на интерес од повеќе аспекти и за повеќе целни групи.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.